# Медиум

весник за сите средношколци

Четврток, 29.12.2016; година IV; бр. 27
www.medium.edu.mk

КАДЕ БЕВМЕ?

# Стотина средношколци учествуваа на Медиумскиот ден




стр. 4-5



ТЕМА ЗА ДИЛЕМА

## Старо-нови понуди за дочекот на Нова година

стр. 3



ХЕРОЈОТ ОД МОЈАТА УЛИЦА

## Актерството ми е повеќе од хоби

стр. 6



## Формирана Коалиција за медиумска писменост

стр. 8

ВИСОКА ШКОЛА ЗА НОВИНАРСТВО И ЗА ОДНОСИ СО ЈАВНОСТА

НОВА МАКЕДОНИЈА

СРЕДНОШКОЛСКИОТ ВЕСНИК „МЕДИУМ“ Е ВО РАМКИ НА ПРОЕКТОТ **„МАКЕДОНСКА КОАЛИЦИЈА ЗА МЕДИУМСКА ПИСМЕНОСТ“**

**ПРОЕКТОТ Е ФИНАНСИРАН ОД ЕВРОПСКАТА УНИЈА**

ВОВЕДНИК



Александра Теменугова, Уредничка на „Медиум“ и раководителка на проектот „Коалиција за медиумска писменост“

## Ах, каква година!

На крајот од годината некако е редно да се завртиш зад себе и да видиш каква ти била среќата, по што ќе ја памтиш, што си сработил или пак си пропуштил да направиш. Ако ја погледнеме годината на „Медиум“, нескромно можеме да кажеме дека беше повеќе од успешна: со медиумските лаборатории во Гевгелија, Штип, Охрид, Велес и Виница запознавме нови талентирани автори, надежни новинари кои се докажаа во седумте изданија што ги печатиме со „Нова Македонија“; организиравме Медиумски ден во кој стотина ученици посетија различни медиуми, креиравме нова интернет-страница со многу едукативни ресурси, ја зајакнавме соработката со училиштата и со професорите со кои заеднички работиме да поттикнеме критична мисла и слобода на изразување кај учениците.

Но 2016-та беше година во која демократиите станаа хаотични и плурални како никогаш досега. Секој објавува сешто. Честопати и лажни информации. Тие се перфектно спакувани, оставајќи ги гледачите, слушателите, читателите во заблуда дека читаат точни, проверени и професионално направени вести и информации. Се намножија интернет-страници кои фабрикуваа(т) измислени содржини, пропагирајќи политички, комерцијални и други интереси. Најблизок ни е примерот со младите велешани, чии сопственици-тинејџери трагајќи по лесна заработувачка со што повеќе кликови, станаа дел од забрветаната пропагандна машинерија ангажирана при изборите за претседател во САД.

Во 2016-та еволуираа говорот на омраза и дискриминацијата, некритички пласирани како на традиционалните, така и на новите медиуми. Сведоци сме на заострена реторика со која се поттикнува нетолеранција, ксенофобија и кршење на човековите права. Во ова море од неограничени можности за информирање, се чини дека медиумите како да заборавија на својата улога во општеството дека треба да известуваат на начин кој значи почитување на професионалните новинарски стандарди.

Оттука, како никогаш досега е исклучително важно луѓето да умеат да препознаваат и разликуваат веродостојни и потврдени информации од лажни вести, спинови, манипулација и пропаганда. Исклучително е важно граѓаните, а особено младите да ја разбираат улогата на медиумите и правилата на игра кои новинарите мора да ги почитуваат. Неопходно е да ги познаваат и правилата на онлајн-светот. И во целиот овој наплив на информации, на граѓаните, на публиката им е потребна поддршка за да можат да се справат со ваквите предизвици.

Таа треба да биде институционална, синхронизирана и повеќеслојна. Задолжително е овие прашања да се присутни во образовниот процес и тоа на сите нивоа. Самите новинари, пак, треба континуирано да вложуваат во едукација и практикување етично и професионално новинарство.

Останува уште многу да се сработи. Од сите нас. Се читаме во 2017-та.

# Се одржа манифестација за негување на македонскиот јазик



„Твориме, создаваме и зборуваме на македонски јазик“ е мотото на овогодишната манифестација што ја организираше средното училиште „Арсени Јовков“ од Скопје.

Станува збор за настан кој пред две недели се одржа во Драмскиот театар, а како што објаснуваат организаторите, главната цел е да се посочи потребата од негување и зачувување на македонскиот идентитет, односно македонскиот јазик кај најмладите, како и нивно насочување кон правилна употреба на македонскиот литературен стандарден јазик.

- Напливот од англицизмите, дијалектите, сленгот и жаргонот сè почесто претставуваат форми на јазикот со кој младите комуницираат. А клучот на нашето постоење е токму јазикот, бидејќи тој го претставува нашиот идентитет и се смета за животворен елемент на една нација - вели Јованка Лековска, директорка во СЕПУГС „Арсени Јовков“.

Таа истакнува дека јазикот е основниот идентитет по кој се препознаваме, по кој се идентификуваме.

- Нашите предци ни оставија во аманет да ги чуваме и негуваме нашата култура, традиција, обичаи, но и македонскиот јазик - вели Лековска.

Според организаторите, во програмата се опфатени повеќе сегменти од јазикот и неговата употреба, преку содветни драматизации на македонски јазик во македонската поезија, македонскиот роман, македонскиот филм, македонската музика, во клише муабетите, во практиката, користењето на сленгот и дијалектите во секојдневната комуникација, англицизмите и термините од технологијата. Влезниците за манифестацијата чинеа 50 денари, а сите собрани средства беа донирани за децата без родители од интернатот во ОУ „Гоце Делчев“ во Љубанци.

Розита Закева

# Средношколки од Гевгелија и од Штип наградени на конкурс за есеј

Васка Ефтимова победи на конкурсот за есеи на тема „Св. Климент Охридски и моќта на словото“, што го објави Министерството за образование и наука (МОН).

Ефтимова е ученичка во четврта година во средното општинско училиште „Јосиф Јосифовски“ во Гевгелија.

Второто место, пак, го освои средношколката Рената Панчова, исто така четврта година, но во штипското училиште „Славчо Стојменски“.

Како третопласирана заврши ученичката Мартина Пешова. Таа е деветто одделение во основното училиште „Стојан Бурчевски-Буридан“ во велешкото село Сујаклари. На сите наградени, како што објави МОН, доделени им се пофалници и симболични награди.

Конкурсот беше распишан по повод одбележувањето на 1.100 години од смртта на Св. Климент Охридски, првиот словенски архиепископ, втемелувач на првиот словенски универзитет и просветител.

Т.А.



Васка Ефтимова, победничката на конкурсот

МЕДИУМ

**Уредници на „Медиум“:** Александра Темеунгова, temenugova@vs.edu.mk, 02/30 90 004 и Александар Самарџиски, aleksandar.sa@novamakednoija.com.mk
**Техничко уредување:** Марин Матев **Веб:** Александар Делчевски **Лектура:** Светлана Арсовска
**Маркетинг:** тел. (02) 5511727 **Дистрибуција:** тел: (02) 5511734
**www.medium.edu.mk**; е-адреса: **medium@medium.edu.mk**

Оваа публикација е овозможена со поддршка од Европската Унија во рамките на проектот *Медиумска писменост во ера на наплив на информации: основање Македонска коалиција за медиумска писменост*, што го реализира Високата школа за новинарство и за односи со јавноста заедно со Институтот за различности во медиумите од Лондон, В. Британија, и дневниот весник Нова Македонија. Наведените мислења во оваа публикација се мислења на авторите и не ги одразуваат секогаш мислењата на Европската Унија.

**Проектот е финансиран од Европската Унија**

# Охридските средношколци го одбележаа својот патронат

Средношколците кои се дел од училишниот хор и од рецитаторската секција годинава ја имаа една од главните улоги при одбележувањето на патронатот на средното училиште „Св. Климент Охридски“ во Охрид.Тие со свои настапи учествуваа на свечената културно-уметничка програма што ја организираше општината во Домот на културата „Григор Прличев“.

Патронатот по повод осми декември секоја година традиционално се одбележува со голем број активности на средношколците чие училиште го носи името на, како што велат, големиот сесловенски мислител, писател и учител Св. Климент Охридски, кој е од огромно значење како за македонскиот народ, така и за нивниот град.

ТЕМА ЗА ДИЛЕМА

# Старо-нови понуди за дочекот на Нова година



Декември, покрај со тестови, испрашувања и заклучување на полугодишните оценки, за средношколците минува и со интензивни преговарања каде ќе се дочека Нова година.

Менија во кафеани, резервации во кафе-барови, забави на плоштади е она што се нуди и од што младите може да избираат како во помалите така и во поголемите градови.

Оние на кои вкусовите не им се задоволени имаат опција и приватно да се организираат.

Разговаравме со десетина тинејџери за нивните планови за новогодишната ноќ, како и за тоа дали актуелните понуди се доволно атрактивни за нив или не.

„Ништо интересно“ и „веќе видено“ беа нивните најчести коментари, истакнувајќи дека се потребни поинтересни забави.

- Треба да има поиновативни понуди за новогодишниот дочек, тоа што се нуди моментално по градот е досадно и веќе видено, секоја година е исто. Но бидејќи немаме избор, годинава се договоривме со друштвото да славиме во кафе-бар - вели Срна Мајсторовиќ, средношколка во скопското училиште „Раде Јовчевски-Корчагин“.

Според она што го нудат скопските кафе-барови и ноќни клубови, цените за резервација се од 200 денари нагоре.

Кога станува збор за славење во кафеана, пак, просечната сума што треба да се плати е околу 1.700 денари, но има и такви кои достигнуваат цена и над три илјади денари. Во цената, покрај резервацијата, вклучени се и пиењето и јадењето, најчесто во неограничено количество.

Слични се цените што ги нудат и угостителите во другите градови. На пример, во една кафеана во Делчево менито изнесува 1.500 денари.

Ваквите понуди, велат тинејџерите, се повторуваат секоја година, па голем дел од нив се одлучиле сами да се организираат.

- Она што се нуди и не е толку многу примамливо, па затоа се договараме да славиме во домашна атмосфера кај некого од друштвото. Дефинитивно за нас младите се потребни некои поинтересни понуди - истакнува средношколката Михаела Крстевска од училиштето „Ванчо Прке“ во Виница.

Дека повеќе сакаат сами да се организираат беше одговорот што го добивме од поголем дел од нашите соговорници, а помеѓу причините ја вбројуваат и музиката. Таков е случајот и со друштво тинејџери од Гевгелија.

- Се мислевме дали да отидеме во кафеана, но таму секогаш е голема гужва, па на крај се одлучивме со другарите да изнајмиме локал, а и сметаме дека сами ќе направиме подобра организација на прославата. Пред сѐ во врска со музиката, бидејќи таа е најважна за добра атмосфера - смета Стефан Шапкаров, ученик во гевгелиското средно училиште „Јосиф Јосифовски“.

Во листата на опции кои ги имаат средношколците се прославите на отворено, односно на градските плоштади. На нив, општините нудат музичка програма за која најчесто ќе бидат задолжени локални бендови, а во дел од градовите прославите се неизвесни поради иницијативата што беше покрената за нивно укинување со цел парите да се донираат во хуманитарни цели.

Меѓутоа за излегувањето на плоштад, како што велат средношколците, ретко кој ќе слави цела ноќ надвор поради ниските температури. Сметаат дека ваквите концерти би можеле да се организираат во затворени простории како концертни сали, арени и слично.

Исто така, помеѓу новогодишните понуди се и патувањата, најчесто во соседните земји, кои во просек изнесуваат околу четири илјади денари, во кои се вклучени превозот и сместувањето. Оние што ќе патуваат ќе треба да си издвојат и буџет за пијалаци и храна, како и за влезници на местата што ќе се посетуваат. Овие туристички аранжмани најчесто траат три-четири дена.

**Александар Самарџиски, новинар во „Нова Македонија“**

## Како до поинтересна забава дома?

Бидејќи поголем дел од средношколците со кои разговаравме ни посочија дека новогодишната ноќ ќе ја поминат во домашна атмосфера со другарите или во изнајмен локал, а за музичката листа и за забавата ќе се погрижат сами, во редовите пред вас издвојуваме неколку интересни предлози за тоа како би можела да се „зачини“ атмосферата. Еден од нив е играње асоцијации, станува збор за игра во парови во која на почетокот секој на ливче пишува по три предмети или јавни личности. Тие подоцна се мешаат заедно, паровите влечат од ливчињата и погодуваат за што станува збор, водејќи се од објаснувањата, асоцијациите и имитациите што му ги дава партнерот. Караоке е уште една идеја. Лесно може да се реализира, бидејќи за него е потребно само да се набави микрофон, звучниците секако веќе се обезбедени. Во листата идеи е и забава под маски. Не мора да се чека први април за некој да се маскира, а тематиката на ваквата забава, на пример, може да биде „личноста што според тебе ја одбележа минатата година“.

КАДЕ БЕВМЕ?

# Стотина средношколци учествуваа на Медиумскиот ден










Новинари кои постојано се во трка со времето за да ја пренесат информацијата на публиката, уредници кои се задолжени вестите да бидат „спакувани“ според сите професионални стандарди, растрчани техничари, камермани и сниматели.

Ваквата секојдневна атмосфера во новинарските редакции на медиумите имаа можност да ја почувствуваат стотина ученици од десет средни училишта во Македонија. Тие заедно со нивните професори беа дел од Медиумскиот ден кој го организира Високата школа за новинарство и за односи со јавноста во рамките на проектот „Коалиција за медиумска писменост“, што го реализира со партнерство со дневниот весник „Нова Македонија“ и со Институтот за различности во медиумите од Лондон. Проект кој е финансиран од Европската Унија.

Средношколци од Скопје, Куманово, Битола, Виница, Штип и од Гевгелија посетија повеќе печатени и електронски медиуми во земјава како Телевизија 24 вести, Телевизија 21, Телевизија Тера, Канал плус Куманово, Нова Македонија, Радио МОФ и Телеграф.мк.

Идејата за организирањето на овој настан е младата публика да се запознае со улогата и функцијата на медиумите во едно општество, начинот на кој се создаваат вестите, новинарските стандарди и, уште поважно, кога истите се прекршени.

Новинарите и уредниците-домаќини успеаја преку примери да им го доловат сето тоа, им покажаа како работи една редакција, како изгледа работниот ден на новинарот итн.

„Новинарството е исклучително одговорна професија, оние кои се дел од неа треба да внимаваат на јазикот со кој се изразуваат, а не да „подгреваат“ судири. Да бидат објективни, а не пристрасни. Во нивните приказни да се слушнат сите засегнати страни, а не да се манипулира“, е сублимираната порака која на учениците им беше пренесена речиси од сите редакции.

Средношколците, пак, се интересираа како се одлучува













со која информација ќе се отворат вестите или која сторија ќе биде на насловната страница на весникот, како се постигнува рамнотежа во известувањето, особено во периодот кога во тек беше предизборната кампања, што се случува кога соговорникот сака да биде анонимен или воопшто не одговара на новинарските прашања итн.

Техничката опрема, собите за монтирање на прилозите и студијата од кои се емитуваат вестите и емисиите исто така го привлекуваа вниманието на тинејџерите. Тие имаа можност и во живо да проследат како тече емитувањето на вестите.

„Знаевме дека тоа што го зборуваат спикерите пред камера е напишано негде, но не ни беше јасно како успеваат во исто време и да читаат и да гледаат во камерата“ беа дел од нивните коментари кога новинарите ги запознаа со т.н. „идиот“ на кој се појавува текстот што го читаат спикерите, а е монтиран кај објективот на камерите.



- Со развојот на технологијата и техничкиот развој на медиумите се менува улогата на публиката. Сите истражувања покажуваат дека младите гледачи ја избегнуваат телевизијата. Затоа овие средби во кои ги отвораме вратите за нив се суштински значајни за нас. Младите луѓе не се пасивни приматели на информации на социјалните медиуми, но се пасивни кога станува збор за телевизијата. Поради тоа, важно е да ги слушнеме како размислуваат. За мене како уредник ваквите средби се навистина драгоцени и инспиративни, би сакале да ги имаме почесто, а не само на Медиумскиот ден - изјави Стево Башуровски од битолската Телевизија Тера.

Во печатениот медиум, пак, преку пример средношколците видоа како технички се уредува една страница во весник, односно како се редат текстот, фотографиите и графиките.

- На нас вработените во првиот дневен весник во Република Македонија особено ни е драго што бевме домаќини на овој ден, а пред сè што сме едни од партнерите во проектот за Коалиција за медиумска писменост. Медиумската писменост, нејзиното негување и развој на сите нивоа е пред сè обврска и работа на медиумите. Токму поради ова ние како медиум влеговме во оваа благодарна мисија за општеството, граѓаните, државата - истакна Марјан Велевски, заменикот на главниот и одговорен уредник во „Нова Македонија“.

Заинтересираноста на учениците за време на посетите не беше ништо помала ниту во „глувата соба“ во радиото која, како што им беше објаснето, се вика така бидејќи ѕидовите се изолирани за да не се слушаат надворешните звуци кога се снима програмата. Седнаа и зад микрофонот и снимаа пробна емисија.

Фоторепортерите од онлајн-медиумите со нивните приказни како покриваат еден настан, како ги направиле најинтересните фотографии исто така беа дел од моментите кои оставија впечатоци кај младата публика.

По посетата во редакциите, учениците учествуваа и на интерактивното предавање „Кликни, провери“ со Дарко Булдиоски за стекнување вештини како да се препознаат лажните вести.

Медиумскиот ден се одржа втора година по ред и, како што најавуваат организаторите, намерите се тој да прерасне во традиција.

**А.А.С.**







## Училишта кои учествуваа

- СУГС „Орце Николов“ - Скопје
- СУГС „Раде Јовчевски-Корчагин“ - Скопје
- СУГС „Георги Димитров“ - Скопје
- СУГС „Зеф Љуш Марку“ - Скопје
- СОУ „Ванчо Прке“ - Виница
- СОУ „Јосиф Јосифовски“ - Гевгелија
- СОУ „Славно Стојченов“ - Штип
- Гимназија „Јосип Броз Тито“ - Битола
- Државно средно музичко училиште - Битола
- СОУ „Перо Наков“ - Куманово

# Актерството ми е повеќе од хоби

**НИКОЛАЈ ПАВЛОВСКИ, ВТОРА ГОДИНА ВО СОУ „ПЕРО НАКОВ“ ВО КУМАНОВО**

Тоа што во актерските води запливал уште од мали нозе и во својата биографија запишал многу улоги во разни претстави прави актерството за него да е нешто повеќе од хоби. Го смета за своја професија. Николај Павловски е ученик во втора година во средното општинско училиште „Перо Наков“ во Куманово и без разлика на тоа што му остануваат уште цели две години од неговиот средношколски живот, веќе го избра неговото идно занимање. Сака да се занимава со актерство кое, вели, е неговата прва љубов, му дава енергија. Тој е член на драмското студио „Детски свет“ при Македонскиот народен театар (МНТ) во Скопје.

Во училиште, пак, е претседател на младинската заедница. Во слободно време преработува сценарија, пишува проза и подготвува своја збирка раскази, а како рецитатор учествувал на многу општински, регионални и државни манифестации.



Драмската училишна секција



**Кога и како се впушти во актерските води?**

Уште кога имав пет години по дома почнав да ги имитирам ликовите од цртаните и играните филмови, од сериите и забавните програми што се емитуваа на телевизија. Родителите ги забележаа моите афинитети и почнаа да ме водат на претстави во театрите во Скопје и Куманово. Се сеќавам кога во Куманово се одржуваа Денови на комедијата и гостуваше претставата „Г-ѓа министерка“ од Македонскиот народен театар. Кога заврши претставата со мајка ми отидовме да се сликаме со актерите, тогаш ја видовме актерката Магдалена Ризова-Черних која ни кажа дека води драмско студио во Македонскиот културен центар во Скопје. По неколку години, кога имав 13, дознавме дека тоа студио сѐ уште постои, но дека е во рамките на МНТ. Отидовме, се запознав со неговите членови и со асистентите. Веднаш почнав да учам за општите правила за театар, за движењето на сцена итн. По само неколку месеци дојде и мојата прва претстава, беше по повод Нова година и се викаше „Снежната кралица“, а ја режираше актерката Снежана Конеска-Руси. Оттогаш, па сѐ до денес јас сум во актерските води. Таму се пронаоѓам.

**Што повеќе те привлекува, театарското или филмското актерство?**

За мене актерството е задоволство, тоа е мојата прва љубов, драмата ме исполнува и ми дава енергија. Театарското е многу поразлично од филмското, затоа што тоа се случува сега, во моментот пред вас, тоа е реално дејство. Ако и се допаѓате на публиката таа ве наградува со аплауз, а кога нешто не е в ред чувствувате и сами. Тоа што се случува на една претстава не може до најситен детаљ да се повтори и во наредните изведби, тука е многу важна и импровизацијата, затоа што преку неа се постигнува адреналинот. Ако се разбирате на сцената и тоа добро го изведете, делот со импровизирањето најверојатно ќе биде и најуспешниот дел од претставата. Секогаш е така. Токму затоа што има додавање или исфрлање и треба да си снаодлив, не секој може да се занимава со оваа професија. За разлика од театарското, во филмското актерство една сцена може да се врати неколку пати, може да се снима едно исто сѐ додека не се постигне резултатот што се бара. Тоа останува засекогаш и не може да се смени.

**Која улога што си ја играл ти е најдрага?**

За еден актер сите улоги се важни, од најмалите до најголемите, од статист до главен лик во претстава, затоа што тоа е негово сопствено дело. Но ако треба да издвојам улоги кои повеќе ме истакнале тоа се Достоевски од „Бедни луѓе“ и ликот на Подземниот од истата претстава. Исто така, во Народниот театар од Куманово најпрепознатлив сум по улогата на Ристо Тодоровиќ од претставата „Г-ѓа министерка“.

**На кој македонски актер најмногу му се воодушевуваш?**

Ние имаме многу квалитетни и одлични актери. За мене такви актери се Магдалена Ризова-Черних, Дарија Ризова, Александар Микиќ, Сашко Коцев, Емил Рубен, Дејан Лилиќ, Владо Јовановски, но пред сѐ Никола Ристановски, Игор Џамбазов, Томе Витанов и, се разбира, Снежана Коневска-Руси. Тоа се моите фаворити и за мене тие претставуваат вистинско уметничко богатство.

**Како ти го разбираш актерството, како хоби или како професија?**

Јас го сметам како моја професија. Мислам дека по толку многу време занимавање со него веќе не претставува само хоби, туку прераснува во нешто позначајно и поголемо. По завршувањето на средното образование планирам да конкурирам на некој од драмските факултети во Скопје, Софија или во Белград.

**Кои се твоите најголеми поддржувачи?**

Ги има многу, почнувајќи од пријателите, професорите од основно и од средно, фамилијарните пријатели, роднините. Но најголемите мои поддржувачи, а во исто време и најголеми критичари се моите родители.

**Колку младите во Куманово доаѓаат во театар?**

Мислам дека до пред некое време нивниот број беше мал, но во последниот период можеме да видиме сѐ повеќе млади во публиката. Мислам дека младите во Куманово полека почнуваат да ги зголемуваат своите културни и образовни вредности, стануваат свесни за вредностите на театарот, операта, балетот, музиката, филмот итн.



Давид Стоилковски (лево) и Николај Павловски (десно)

## Многубројни се улогите во неговата биографија

Средношколецот од Куманово може да се пофали со низа улоги од претставите во кои учествувал. Кога го прашавме да ни каже барем дел од нив, во еден здив успеа да наброи десетина. Меѓу нив се двете улоги, на Кралот и на Змијата, кои ги глумел во различни изведби на претставата „Снежната кралица“, а ист е случајот и со „Г-ѓа министерка“, каде што се појавувал во улогите на г-дин Нинковиќ и на Ристо Тодоровиќ. Во неговата листа влегуваат и улогите на адвокатот Ивковиќ од „Народен пратеник“, Волшебникот и Царот во „Волшебникот“, Столе во „Женско царство“, Достоевски и Подземниот во „Бедни луѓе“. Исто така, тука се и чорбаџи Теодос од „Чорбаџи Теодос“, газда Митке во „Коштана“, Кемал Ататурк во „Балканот не е мртов“, Ромео во „Ромео и Јулија“, аџи Трајко во „Бегалка“, Пеѓа во „Еврејска манифестација: Колку јазици зборуваш за толку луѓе вредиш“ и други.

# ЈАС МИСЛАМ ВАКА

## Ода за нашата послушност



Живееме во свет што тоне. Секојдневно си ги копаме сопствените гробови и трчаме кон провалијата. Гонети од брзината на модерниот свет паѓаме во замката на лежерниот живот, незаинтересираноста, незнаењето. Секојдневно си ја уништуваме планетата, како физички така и психички и интелектуално. Дозволуваме да бидеме изиграни, а кога еднаш ќе ја научиме лекцијата не се трудиме да ја споделиме со другите. Нашиот ум е дотеран, испеглан и воопшто не ни слушнал за напуштање на комфорната зона. Може да имаме сѐ, ама сепак избираме да останеме во нашиот програмиран, но не така шарен свет. Ете, во едно такво време на невреме, кога сите ми велат да се релаксирам и да си го живеам животот, со сиот свој оптимизам и ентузијазам се обидувам да го насочам вниманието кон можностите кои стојат пред нас, кои секојдневно ги одминуваме и одбиваме да ги видиме, за она што можеме да го направиме токму сега, каде и да сме. Колку и да звучи клише, иднината е сепак на младите, во нив се силата, моќта и визијата за подобро утре. Но во сиот овој процес на подобрување на општеството се прави една огромна грешка. Од средношколците се бара нешто на кое никогаш не нѐ научиле. Ни бараат креативни идеи и решенија без притоа да ни покажат како да дојдеме до нив, без да нѐ мотивираат, без воопшто да се обидат да ја поттикнат креативноста во нас. Меѓу сите преостанати работи во кои потфрли формалното образование се наоѓа и цененењето на трудот на учениците, и воопшто давањето слобода и можност тие да го кажат своето мислење и да ја покажат својата способност. Секојдневно бомбардирани од смешно и истовремено жални општествени збиднувања, опкружени од луѓе вработени со партиска книшка, а уште повеќе од луѓе кои живеат во страв да не им биде одземено она што го имаат, целосно ги изгубивме желбата и вербата дека нешто може да биде сменето, и својот живот го гледаме секаде само не во сопствената татковина. Признале ние или не, има генијални идеи во македонскиот образовен систем, уште повеќе има идеи меѓу самите ученици и професори. За жал, само идеи. Секогаш нивното детално планирање и реализација, на некој магичен начин, завршуваат во погрешни раце, секогаш некој не ја разбира работата докрај, нешто заборава, некој останува необучен и недоволно информиран и на крај завршуваме со катастрофално, демотивирачко, неедукативно, непродуктивно образование. Она што требаше да биде креативен начин на предавање, стана здодевна работа во групи чии членови немаат ниту разбирање, ниту трпение, ниту почит, а најмалку желба за учење. Тонејќи сѐ повеќе од грешка во грешка, од реформа во реформа, образованието моментално е сведено на меморирање на прашањата од екстерно, учење дефиниции напамет од збор до збор, масовно препишување и борба за оценки. Општеството создава роботи, а не луѓе. Наместо да се поттикнуваат добродетелството, чесноста, почитта, секојдневно се редат неправди, манипулации, злоупотреби. И во сиот овој хаос, згора на сѐ, нѐ критикуваат што сме седеле цело време со телефоните в рака и што не сме дигале глава од Интернет. Џабе се бунат, кога технолошката ера е веќе во полн ек, нема враќање назад. Наместо да се обидувате да нѐ смените, прифатете нѐ вакви какви што сме и искористете ја нашата опседнатост со мобилните за да нѐ информирате, едуцирате и најмногу од сѐ да нѐ поттикнете да бидеме човечни, хумани и активни учесници во општеството. Ако пред триесет години се учеше преку телевизиски емисии, денес се учи со мобилни апликации. Токму благодарение на Интернетот многу полесно можете да ја издигнете нашата свест на која било тема, да нѐ информирате за сѐ што се случува, да нѐ организирате. А вие сепак одбирате во тоа да го видите само времето потрошено со технологија. Покажете ни дека ви значиме, разберете нѐ, покажете ни како треба, подготвени сме да научиме. Дадете ни ги вистинските ресурси, инспирација и мотивација, и ние можеме многу да направиме. Дадете ни шанса, слушнете нѐ, ценете го она што го кажуваме. Немојте само да нѐ тапкате по глава, надолу во земјата, не се обидувајте да ни наметнете ставови. Дадете ни слобода да размислуваме, да пробаме нови работи, да се надградуваме. Овозможете ни да се изразиме и да бидеме слушнати и ценети. Само така ќе успееме, и ние и вие.

**Мими Филова, СОУ „Јосиф Јосифовски“, Гевгелија**

## Современите медиуми и „објективните“информации

Што ако ви речам да замислите еден 18-годишен тинејџер? Што прво ви паѓа на памет? Претпоставувам, замислувате млад и бунтовен, визионерски и неконформистички настроен човек, полн со енергија и љубопитност. Но како што велат, замислата не секогаш се совпаѓа со реалноста.

Ние младите сме среќни што живееме во ера во која информацијата ни е многу поблиску на дофат од која било друга генерација што некогаш живеела. Меѓутоа, истовремено стануваме и сторачни гиганти во информативната војна. Војна во која нѐ бомбардираат вести насекаде, во секое време, на која било страна да се свртиме. Во неа, моите врсници ги бранат своите ставови со сѐ освен со аргументи и факти, во најдобар случај со аргументи кои се излитени и секогаш исти.

Зошто? Нели сме генерација која има огромен асортиман на информации? Информации кои најчесто ни доаѓаат од медиумите. Од една страна, може да се каже, оти ние сме навистина богати, имаме радио, телевизија, печатени, електронски медиуми, а од сите нив предничи Интернетот.

Од друга страна, пак, оние кои се „дрзнуваат“ барем малку критички да ја гледаат филтрираната реалност, ќе кажат оти благодарение на медиумите се наоѓаме среде свет со изместени вредности. Такви како што се, изместени, тие доаѓаат до нас, а ние како жедни за вода среде пустина ги „голтаме“ и, за жал, тие стануваат дел од нашиот систем на вредности.

Во листата причини за тоа, која, патем, јас најтрагично ја доживувам, е изгубената објективност во пренесувањето на информациите. Објективноста е најважната карактеристика за еден медиум, реалното пренесување на веста и на информацијата, всушност, треба да е причината за неговото постоење.

Меѓутоа, кај нас медиумите стануваат толку поларизирани што ние добиваме впечаток дека во нашево општество секогаш постојат две вистини, од кои ти мора да си одбереш во која ќе веруваш.



Во таква ситуација, кога младите ќе си ја одберат својата „вистина“ која соодветствува со личните ставови и верувања, тие се изолираат во таа рамка, се хранат со филтрирани или лажни содржини. Стануваат дел од масата квалификувани актери од кои секој има „специјализирано“ сознание за нештата.

На влијанието од „објективноста“, односно медиумската пристрасност, се додава и она од јазикот што се употребува во медиумите. Од неупотребливоста на литературниот јазик до она најстрашното, користењето погрдни зборови и навреди. Нешто што го користат оние кои би требало да бидат први во борбените редови во битката против непочитувањето на литературниот јазик и против говорот на омраза. Благодарение на ова, секојдневно се соочувам со ситуации кога младите мислејќи дека зборуваат литературно „гаѓаат“ со фрази од дијалекти и погрдни зборови.

Затоа, ве молам, да не се лажеме себеси и другите дека живееме во демократија. Демократијата не значи човек да може да си избере од кој извор ќе се информира, туку таа значи тој да може да ги слушне сите страни, сите информации. Да може да создаде своја перцепција на нештата, да процени и да суди сам, а не да му се наметнуваат став и вистина какви што сака некој друг.

**Марија Стојановска, четврта година во гимназијата „Јосип Броз Тито“, Битола**

## Талкање во место



Талкањето во место како вирус ги фатило поголемиот дел од моите соученици средношколци. Како без компас, не знаат каде би го продолжиле своето образование, а поголем дел од нив и не ни сакаат да го направат тоа. „А бе ајде, кој учи денес факултет, подобро ќе седам дома отколку да студирам“ се некои од објаснувањата. За ваквиот став вина имаат и родителите кои преокупирани со секојдневните обврски и амбициите за сѐ повеќе пари не им обрнуваат доволно внимание на своите деца. Ги занемаруваат проблемите и потребите на децата и несвесно ги втурнуваат во „провалија“. За жал, од ваквиот однос револтот и разочараноста на младите се рефлектира на активности кои не само што им наштетуваат на нив самите туку и на општеството. Сведоци сме дека младите сѐ повеќе „тепаат“ време пиејќи алкохол, а некои одат и во крајност со консумација на опојни средства. Многу од родителите не се ни свесни што прават нивните деца кога ќе излезат од домот. Оваа група млади талка во место, не знаејќи што би правеле утре, а камоли да донесат некоја поважна одлука како што се студиите.

Од друга страна, меѓу нас средношколците има и такви кои знаат каде сакаат да студираат. Погодувате, нели? Во странство, со надеж дека ќе се снајдат доволно за да не треба да се враќаат назад. И кај оние кај кои постоела желбата кога ќе завршат факултет да дојдат дома, таа полека згаснува. А има и такви кои планираат да се дошколуваат овде. Ете, на пример, јас. Планирам да студирам право, а коментарите од типот „Бегај таму, какво право“ и „Ти ли најде да ја исправаш државата? Ништо овде не се менува“ не ме колебаат. Вреди да се бориме за тоа да останеме тука, да го исправиме она што е „криво“, да создадеме правна држава како за нас така и за идните генерации. Вреди, затоа што не сакам да сум дел од шест илјади иселените граѓани од Македонија, бројка која од ден на ден расте. Вреди, затоа што не сакам со моите блиски да разговарам преку Скајп и да се посетуваме една годишно. Можеби за моите желби и оптимизам се виновни младешкиот и бунтовнички дух што го има секој средношколец, но токму ние сме тие кои треба да иницираме промени и да се залагаме за правда. Ние сме тие кои утре ќе бидеме академски граѓани и затоа треба да испратиме порака дека не сме само млади луѓе без свој став, туку дека сме способни да расудуваме и да се бориме за посветла иднина овде, во Македонија.

**Давид Стојановски, трета година во СУГС „Георги Димитров“, Скопје**

## ВЕСТИ ЗА МАКЕДОНСКАТА КОАЛИЦИЈА ЗА МЕДИУМСКА ПИСМЕНОСТ

# Формирана Коалиција за медиумска писменост



Осум граѓански организации од Скопје, Битола и од Куманово се првите членови на Коалицијата за медиумска писменост што во ноември ја основаше Високата школа за новинарство и за односи со јавноста. Овие граѓански организации со различни медиумски куќи како нивни партнери следната година ќе реализираат низа активности кои подразбираат активно учество на граѓаните преку употреба на медиумите, како и понуда на медиумски содржини со кои се промовираат различностите, правата на маргинализираните групи, како и едукација на публиката за препознавање новинарски стандарди. За да ги реализираат своите иницијативи, граѓанските организации во октомври и во ноември аплицираа за грантови со вкупен фонд од 40.000 евра.

Оваа неформална платформа има за цел да ја развие свеста кај публиката за влијанието на медиумските содржини, но и да ги поттикне граѓаните да се стекнат со знаења и вештини за критичка перцепција на информациите и употреба на медиумите како предуслов за активно граѓанство. Основањето на Коалицијата е во рамките на проектот „Медиумска писменост во ера на наплив на информации: коалиција за медиумска и информациска писменост“, што го реализира Високата школа, во партнерство со весникот „Нова Македонија“ и со Институтот за различности во медиумите во Лондон. Проектот се реализира со финансиска поддршка на Европската Унија.

Ж.В.

## СОВЕТУВАМЕ:

# Како да се препознаат лажни вести

Благодарение на Интернетот и на социјалните мрежи секојдневно сме преплавени со разни информации, но не секоја од нив е вистинита. Една студија на универзитетот „Стенфорд“ открила дека 82 проценти од младите не можат да препознаат која вест е вистинска, а која лажна или спонзорирана.

Издвојуваме неколку совети како може да ги препознаете точните информации, а како да се заштитите од лажните, спинуваните и вестите со чија содржина се манипулира:

- Секогаш читајте ја целата вест, а не само насловот и лидот.

- Проверете дали медиумот што ја објавил информацијата е веродостоен информативен медиум.

- Во секоја вест треба да се застапени сите страни на приказната. Доколку е застапена само едната страна, а другата целосно се игнорира, тогаш таа вест е пристрасна.

- Избегнувајте веб-сајтови кои завршуваат на „lo“ како „Newslo“. Овие сајтови земаат делови од точните вести и ги пакуваат заедно со лажни информации за да ги направат комични и сатирични. Исто така, внимавајте и на сајтовите кои завршуваат на „.com.co“, затоа што често тоа се лажни верзии на вистински извори на вести.

- Обратете внимание на името на домеинот и на УРЛ-то (URL). Чудните домеини често значат и лажни информации.

- Проверете ги датумот и времето на објавување, бидејќи често се случува застарени вести да бидат реобјавени и да нѐ натераат да помислиме дека сега нешто се случило.

- На Гугл проверете ја сликата на веста за да дознаете од каде потекнува. Сликата треба да илустрира она што е во текстот. Ако истата илустрација се појавува на многу статии на различни теми, веројатно не го покажува она што го читате во статијата.

- Проверете дали други познати и веродостојни медиуми ја објавиле веста, ако не ја објавиле веројатно истата не е точна.

- Проверете дали информацијата има наведено извори и ако има побарајте дали изворот на информацијата е веродостоен и често користен.

- Проверете дали пишува кој е автор на веста, ако ви е познат побарајте негови претходни статии за да видите дали станува збор за новинар на кој може да му се верува.

- Најдобро е секогаш да се прочитаат повеќе извори на информации за да добиете различни гледишта и медиумски рамки што ќе ви овозможат подобро да ја процените вистинитоста на информацијата.

## СТРИП




www.comicscenter.mk

Автор: Ивана Пенчова, Штип

Во соработка со Стрип центар на Македонија

## КОНКУРСИ, МОЖНОСТИ, ОБУКИ

### Видеонатпревар на тема „Растот на популацијата“

Програмата „Population Education“ ги поканува сите креативни млади луѓе да учествуваат со свое кратко видео на конкурсот на тема „Растот на популацијата“. Видеата треба да бидат долги најмногу 60 секунди и да се однесуваат на тоа како порастот на човечката популација влијае врз климатските промени, биосферата на океанот или брзата урбанизација. Победникот ќе добие парична награда во износ од 1.000 долари, второпласираниот 500, а третопласираниот 250 долари. Пријавувањето за конкурсот трае до 23 февруари. Повеќе информации на http://www.mladiinfo.eu/2016/10/12/human-population-growth-student-video-contest/.

### Меѓународна награда за граѓански медиум 2017

Центарот за граѓански медиуми „Бенохаус Мунстер“ и европската мрежа „Youth4Media“ ги покануваат сите заинтересирани да учествуваат со свој аудиовизуелен медиумски производ на Меѓународната награда за граѓански медиум 2017. Медиумските производи може да бидат во аудио или во видеоформат не подолги од 20 минути и треба да бидат на тема „Културното наследство - сеќавањето на нешто минато, клуч на нашата иднина“. Во категоријата аудиоформат ќе се додели една награда во вредност од 300 евра, додека во категоријата видеоформат првопласираниот ќе добие награда во вредност од 700 евра, вториот 400 и третопласираниот 200 евра. Пријавувањето трае до 28 февруари. Повеќе информации на http://www.icm-award.com/information/#bewertung.

### „Никон“- натпревар за фотографија

„Никон“ ги поканува сите вљубеници во фотографијата да учествуваат со своја оригинална фотографија, фотоприказна или видео во траење најмногу до 180 секунди на интернационалниот натпревар за фотографија „Никон“. Натпреварот ќе биде поделен на три категории и фотографиите во првата категорија треба да бидат на тема прослава, додека темата за втората и за третата категорија е иднината. На натпреварот може да се учествува со најмногу 10 фотографии. Покрај парични награди, првите три места во секоја категорија ќе добијат и подароци од „Никон“, а нивните фотографии ќе бидат дел од изложбата на „Никон“. Пријавувањето трае до 27 јануари. Повеќе информации на https://ssl-entry.nikon-photocontest.com/en/top-04.html.